Macedonian



# Избирање на пензиски фонд

## Што значи „Избирање на пензиски фонд"?

Законите за Избирање на пензиски фонд (Choice of Fund) им даваат на повеќето Австралијци слобода да одберат каде сакаат да го чуваат својот пензиски фонд.

Според законот, работодателите се должни да уплаќаат минимален износ во пензиски фонд на ваше име. Таквите видови на пензиски придонес се нарекуваат „гарантирани придонеси во пензискиот фонд" (Superannuation Guarantee Contributions - SGC). Најниските гарантирани придонеси сега изнесуваат 9% од вашата надница или плата.

## Како функционира „Избирањето"?

Ако ги исполнувате условите, вашиот работодател ќе треба да достави Стандарден избор (Standard Choice) во следните случаи:

- Ако сега сте почнале да работите
- Ако пензискиот фонд што сте го одбрале не ги исполнува условите
- Ако вашиот работодател го промени фондот што обично го користи
- Ако побарате формулар за Стандарден избор и ако не сте направиле избор во последните 12 месеци

Можете да одберете пензиски фонд ако го употребите формуларот Избор на фонд (Choice of Fund) од нашиот Водач за членовите – Изјава за откривање на производот (Member Guide - Product Disclosure Statement) на **www.lucrf.com.au** или ако ни се јавите на **1300 130 780.** Друга можност што ви стои на располагање е да ни пишете „писмо за наименување" ("nomination letter") што ги содржи сите потребни информации што се бараат според законот за да се промени пензискиот фонд.

## Дали „Избирањето на пензискиот фонд" важи за сите?

Иако сите вработени Австралијци имаат право да изберат пензиски фонд, има разни случаи во кои немате таква можност. Тие се однесуваат на луѓе што работат под следните услови:

- Работат според заверен договор или според договор за работни односи*
- Работат според некој Австралиски договор за работни односи (Australian Workplace Agreement - AWA)* или според некој поединечен Преоден договор за вработување (Transitional Employment Agreement)*
- Членови се на некој фонд од државниот сектор (меѓутоа, некои лица може да имаат право на избор)
- Имаат определена бенефиција (во зависност од условите на фондот)
- Работат според Државен договор за работни односи (State Award) за работодател што не е регистриран

*(ваквите видови на договори имаат одредби што налагаат работодателот да ги вложува придонесите во точно назначен пензиски фонд).

Australia's first industry fund
LUCRFsuper
An Industry SuperFund

## Како да го направите вистинскиот избор

Кога барате фонд што може да биде добар за вас, може ќе сакате да размислите за некои важни работи како што се:

### Дали фондот е „квалитетен фонд“?

Фондот LUCRF Super има добиено Платинеста оценка – највисока можна оценка со која фондот се вбројува во горните 15% од околу 230 фондови. Таа оценка ја дава независната агенција за оценување SuperRatings. Платинестата оценка значи најдобра вредност за вложените пари, со добро урамнотежен учинок во однос на сите критериуми за оценување вклучувајќи ги приходите од вложените пари, таксите и услугата.

### Може ли да изберете поинакви можности за вложување?

Членовите на фондот LUCRF Super имаат можност да изберат како се вложуваат парите од нивниот пензиски фонд за да биде тоа соодветно со степенот на опасност што им одговара на нив.

### Какви можности за осигурување имам?

Фондот LUCRF Super нуди пристапно осигурување како што е Осигурување во случај на смрт и на целосна и трајна онеспособеност (Death & Total and Permanent Disablement - TPD), осигурување само во случај на смрт, и осигурување за заштита на приходите (Income Protection). Слободно можете да одберете колкав степен на покривање сакате.

Исто така е важно да ги проверите таксите што ги наплаќа вашиот фонд, вклучувајќи ги таксите за пристапување и истапување, административни такси, и таксите за управување со вложените пари. Сите тие такси може да направат голема разлика во крајниот износ на вашите пари кога ќе одлучите да се пензионирате, па затоа е важно да разберете кои избори ви стојат на располагање за да ги задоволите најдобро вашите потреби.

Телефонирајте уште денес во LUCRF Super на **1300 130 780** или појдете на нашето место на интернет **www.lucrf.com.au** за повеќе информации.

Issued February 2010 by LUCRF Pty Ltd ABN 18 005 502 090 AFSL 258481 as Trustee for LUCRF Super ABN 26 382 680 883.

**WEB** www.lucrf.com.au
**EMAIL** mypartner@lucrf.com.au
**FAX** 03 9326 6907
**POST** PO Box 211 North Melbourne VICTORIA 3051

**1300 130 780**

Australia's first industry fund
LUCRFsuper

An Industry SuperFund